ОДРЖЛИВОСТ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Центар за економски анализи (ЦЕА)

Марјан Николов
Мирољуб Шукаров
Ивана Велковска

Скопје
Декември, 2017

CEA
Center for Economic Analyses

Содржина

1. Генерален преглед на македонскиот пензиски систем 5
   1.1. Pay-as-you-go пензиски систем во Македонија 5
   1.2. Моментална структура на македонскиот пензиски систем 7
2. Демографски трендови 8
   2.1. Стареење на населението во Македонија 8
   2.2. Структура на население според возраст 11
   2.3. Индикатор на зависност 12
   2.4. Осигуреници и пензионери 12
   2.5. Индикатор на поддршка 13
3. Приходи и трошоци на пензискиот систем 15
4. Проекција на влијанието на бројот на вработени врз промената на приходите во пензискиот систем 17
5. Проекција на влијанието на зголемени плати и на зголемен придонес од 18% на 20% врз промената на приходите во пензискиот систем 19
   5.1. Нулта опција: Што се случува доколку се остане како што било и досега 21
   5.2. Проекција на влијанието на зголемени плати врз промената на приходите во пензискиот систем 22
   5.3. Проекција на влијанието на зголемен придонес од 18% на 20% врз промената на приходите во пензискиот систем 22
   5.4. Резултати од симулациите 23

Општи информации за ЦЕА

Лого:

Адреса:

ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА)
Бул. Јане Сандански 63/3,
1000 Скопје Македонија

Тел: + 389 (0)2 24 44 766
Моб: + 389 71 310 974

ЕДБ: 4030003479278
Рег. 5763061

Банкарска сметка:

Стопанска банка АД Скопје
Број на сметка: 200000856268559

Веб страна и е-мејл:

www.cea.org.mk

info@cea.org.mk

Резиме

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ФПИОМ) бележи се поголеми тековни дефицити како последица на раст на трошоците за пензии наспроти пониските приходи од придонеси од осигурениците. Да се одржи релативното ниво на животниот стандард на пензионерите, при растот на бројот на пензионерите, намалување на младото население, бавниот раст на вработеноста и ниските плати во Македонија е главен предизвик за пензискиот систем. Овој труд нуди анализа на основните фактори кои влијаат на одржливоста на пензискиот систем, која треба да служи како подлога за други подлабински и систематски анализи на пензискиот систем.

Податоците користени во овој труд се обезбедени од базите на податоци на Државниот завод за статистика, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и Светска банка.

1) **Дефицитот на Фондот на ПИОМ не е толку последица на неповолните демографски движења колку на системски проблеми.** Процесот на генерирање нови работни места е бавен и висината на придонесите е релативно ниска.
2) **Македонија не се соочува со стареење на населението до степенот со кој се соочуваат другите земји,** што значи дека покачување на годишната граница за пензионирање не е правилен одговор на проблемот на одржливост на пензискиот систем.
3) **Македонија има проблем со невработеноста поради ниската стапка на креирање на работни места што во голема мера влијае на одржливоста на пензискиот систем.** Високата стапка на невработеност и ниската стапка на креирање на работни места негативно влијаат на приходите на фондот за пензиско и инвалидско осигурување кои се собираат од придонеси од платите на вработените.
4) **Иако бројот на осигуреници расте во Македонија во последните 10 години, сепак односот на просечната месечна пензија во споредба со просечната месечна нето плата стагнира.** Во услови кога пензиите не растат со брзина со кои расте и месечната плата, а ако знаеме дека околу 80% од вкупните даноци на централно ниво се собрани од даноци на потрошувачка што влијае на сите граѓани независно од способноста за плаќање (ability-to-pay principle), излегува дека ефектот од јазот на растот на месечни плати и пензии онака како што е поставен во Македонија ја зголемува и нееднаквоста и ранливоста на категоријата пензионер.
5) Според постоечките законски одредби, стапката на придонесот за пензиско осигурување **од 18% треба да се намали на 17,6% од јули 2018 година**. Ова значи ограничување за покачување на стапката за пензиско и инвалидско осигурување како мерка за справување со проблемот на одржливост на пензискиот систем.

6) **Опаѓачкиот тренд на младото население** во Македонија позитивно влијае на намалување на јавните расходи за образование, но ова намалување негативно влијае врз квалитетот на пазарот на работна сила и не е доволно за да ги покрие буџетските трошоци за алиментација на пензискиот фонд.
7) Потребна е **евалуација на постоечките политики** кои предвидуваат намалување на стапката на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, како една од мерките за зголемување како на вработеноста така и на платите во Македонија бидејќи целите не се постигнати, а го постави пензискиот систем на неодржлива патека.

Сите методолошки техники кои се користат во овој труд се детално објаснети во трудовите наведени во делот за користена литература и трудот не се осврнува на нивно подетално објаснување. Овој труд, во голема мера, е продолжение на трудот изготвен од страна на Центарот на економски анализи во 2011 година[1].

Во овој труд не се опфатени важни елементи кои одат во насока на одржливоста на пензискиот систем во целина (трите столба). На пример, ефектот од субвенционирањето на новите вработувања во Технолошко Индустриски Развојни Зони (ТИРЗ). Во овој момент тие субвенционирања имаат неутрално влијание врз одржливоста на првиот столб со оглед на тоа што фирмите од овие зони се ослободени од обврската да ги уплатуваат придонесите во ПИОМ, вработуваат млади лица кои и така би ги уплатувале придонесите во вториот пензиски столб, а не во фондот на ПИОМ, а кога тие лица ќе дојдат на ред да се пензионираат, најверојатно, нема да примаат пензии од првиот столб. Се разбира дека во меѓу периодот сите придонеси се уплатуваат во првиот-задолжителниот пензиски фонд, а тој има обврска регуларно да ги префрла во фондовите од вториот пензиски столб (6%). Ослободувањето од плаќање на придонесите за вработените во фирмите на ТИРЗ го врши државата, и таа треба да ги уплатува тие пари, но не во фондот на ПИОМ, туку во пензиските фондови од вториот пензиски столб. Во спротивно во нив нема да има доволно средства да се плаќаат пензиите на младите денешни вработени кога за тоа ќе дојде време. Значи, ослободувањето на фирмите за плаќање на пензиските придонеси нема влијание врз приходите на првиот пензиски фонд, туку врз одржливоста на капитално финансираните фондови од вториот фонд во иднина. Тоа го надминува предметот на истражување на овој труд кој има за предмет да се осврне на одржливоста на задолжителниот пензиски фонд (првиот столб).

1. Генерален преглед на македонскиот пензиски систем

1.1.Pay-as-you-go пензиски систем во Македонија

Од 1993 година во Македонија постои автономен пензиски систем. Основан на принципот на меѓугенерациска солидарност (pay-as-you-go), придонесите кои се

[1] Види овде: http://cea.org.mk/documents/studii/CEA_Pension%20PAYG%20review.pdf

уплаќаат од страна на осигурениците се трошат директно за обезбедување на пензиите на постоечките пензионери. Овој систем се соочува со неодржливост подолг временски период. Пред се, резултатите од транзициониот период после осамостојувањето на државата е главната причина за падот на обемот на производството, затворањето на претпријатијата и растот на невработеноста во Македонија. Сите овие промени во социо-економскиот развој се рефлектирани во моменталната состојба и на нашиот пензиски систем.

Намалувањето на бројот на активни осигуреници во период од 20 години после осамостојувањето на Македонија (од 534,887 осигуреници во 1991 година до 489,608 осигуреници во 2011 година[2]), кој почна да се зголемува со бавно темпо само во последните 5 години (од 507,061 осигуреници во 2012 година до 570,169 осигуреници во 2017 година[3]), а од друга страна растечкиот тренд на бројот на пензионери доведе до пад на индикаторот на поддршка[4] од 1,7 во 1997 година на 1,3 во 2005 година, и само мал раст од 0,5 во последните 12 години (1,85 во 2017).

Реформите започнуваат при крајот на 1993 година[5]. Обидот за подобрувањето на функционалноста на пензискиот систем се состои од сет на рестриктивни мерки. Тие подразбираа промена на стапката на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување од 18% на 20%[6], обезбедување на дополнителни средства во фондот преку одделување на 9,18% од собраните приходи од акцизите на бензините[7] и зголемување на старосната граница за пензионирање (од 60 и 55 години на 63 и 60 години за мажи и жени соодветно[8]).

Дополнителни рестриктивни измени се воведоа и во 1995 и 1996 година. Во периодот по 2000 година, со донесувањето на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, како и со серија негови измени и дополнувања, во управувањето со државниот пензиски систем беше воведена политика на растечка рестриктивност. Треба да се има предвид дека рестриктивноста на овие решенија обезбедија ефекти на кус рок од аспект на рамнотежа меѓу приходите и расходите во системот, приливот на нови пензионери и буџетските трансфери кон Фондот на ПИОМ. Решавањето на предизвиците на подолг рок го наметна прашањето за продлабочување на реформата на пензискиот систем во правец на негова постапна приватизација.[9]

[2] Статистички извештаи на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во Македонија
[3] Ибид.
[4] Бројот на осигуреници во однос со бројот на пензионери
[5] Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Службен весник на Р.М, 31.12.1993
[6] ПИОМ, Актуарски извештај 2008
[7] Ибид.
[8] Закон за пензиско и инвалидско осигурување, член 17, Службен весник на Р.М, бр. 80/93 , 31.12.1993
[9] www.mtsp.gov.mk, посетено на 27.11.2017

1.2.Моментална структура на македонскиот пензиски систем

Моменталната структура на пензискиот систем се состои од три столба на пензиско и ивалидско осигурување:

- Задолжително пензиско и инвалидско осигурување на принципот на меѓугенерациска солидарност (прв столб);
- Задолжително капитално финансирано пензиско и инвалидско осигурување (втор столб);
- Доброволно капитално финансирано пензиско и инвалидско осигурување (трет столб).

Вториот столб е воведен во 2006 година. Оваа реформа подразбира воведување на фонд за задолжително капитално финансирано пензиско и инвалидско осигурување каде од првиот столб се пренесуваат 6% од уплатените придонеси во вториот столб. Притоа, приватните пензиски фондови се управуваат од страна на лиценцирани компании за пензиско осигурување кои добиле дозвола за нивно менаџирање од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС).

Во 2008 година започнува со работа и третиот столб, т.е. фондот за доброволно капитално финансирано пензиско и инвалидско осигурување, исто така регулиран од страна на МАПАС. Главната активност на приватните пензиски фондови е да инвестираат средства во согласност со правилата за инвестирање уредени со закон, со цел да обезбедат максимални стапки на поврат на инвестициите, што ќе претставува директен бенефит за осигурениците. Според МАПАС, реформата на пензискиот систем обезбедува долгорочни предности за осигурениците и пензионерите како и за одржливоста на самиот пензиски систем. Ефектите од реформата на пензискиот систем се прикажани во табелата подолу.[10]

Табела 1: Ефекти од приватизација на пензискиот систем

Очекувани ефекти за поединецот	Очекувани ефекти за системот
→ Поголема сигурност → Диверзификација на ризик → Транспарентност → Доброволно/дополнително штедење → Зголемување на ефикасност на пазар на труд	→ Солвентен пензиски систем → Зголемување на националните заштеди → Зајакнување на моќта на инвестирањето → Пораст на економијата

[10] www.mapas.mk, посетено на 27.11.2017

2. Демографски трендови

Во последните неколку декади и развиените земји и земјите во развој претрпуваат големи измени во старосната структура на населението. Уделот на старото население во вкупното население континуирано расте. Овој тренд на стареење на населението е генерално поизразен во развиените земји отколку во земјите во развој.

2.1.Стареење на населението во Македонија

Во последните десет години, бројот на новороденчиња во Македонија се намалува и како резултат на тоа, природниот прираст е намален за 36% од 2005 до 2016 година[11]. Во економска смисла, ова значи дека има намалување на потенцијалната понуда на пазарот на трудот. Од друга страна, за истиот временски период, бројот на починати лица релативно стагнира што подразбира дополнителен притисок врз пензискиот систем во Македонија.

Меѓутоа, доколку ги споредиме податоците за процентот на население постаро од 65 години во однос на вкупното население во Македонија со официјалните податоци на други земји, може да се заклучи дека Македонија сеуште не се соочува со посериозен проблем на стареење на населението како другите земји. Податоците претставени на графикон 3 покажуваат дека Македонија не само што е во поповолна позиција од аспект на стареење на населението споредено со развиените земји туку е споредено и со земјите во регионот (со исклучок на Албанија пред 2014 година).

Помеѓу 2005 и 2015 година, просечниот очекуван животен век во Македонија се зголемил за 1,6 години. Споредено со податоците за развиените земји и земјите од регионот пак, Македонија има најнизок очекуван просечен животен век (со исклучок на Бугарија).

Како што може да се види од графикон 5, најголем пораст на бројот на население во последните 11 години има во северниот дел на земјата односно во Скопје (5,44%), Тетово (4,62%) и во Куманово (3,05%), додека намалување на бројот на населението има во Охрид (-7,15%), Битола (-2,54%) и Прилеп (-1,94%).

[11] Природно движење на населението, Државен завод за статистика, 2016

Графикон 1: Број на новородени, починати (лева оска) и природен прираст (десна оска) за периодот 2005-2016 година во Македонија



Извор: Државен завод за статистика

Графикон 2: Очекуван просечен животен век во Македонија 2005-2015

Извор: Државен завод за статистика

Графикон 3: Процент на население над 65 години



Извор: Светска банка

Дополнително, демографските промени се должат и на намалувањето на стапката на фертилитет во Македонија во последните десет години, односно од 1960 година до денес се забележува голем пад од 4,1 на 1,5. Пониската стапка значи и тендеција за намалување на понудата на работна сила. Владата на Република Македонија преку низа политики се обидува да влијае на стапката на фертилитет, што води до зголемени јавни трошења. Дури доколку овие политики ја постигнат својата цел, недостасуваат анализи дали оваа промена ќе донесе доволно нови осигуреници односно средства од придонеси кои ќе ги оправдаат јавните трошења за оваа намена.

Графикон 4: Стапка на фертилитет

Извор: Државен завод за статистика

Графикон 5: Промена на популација по градови 2005-2016



Извор: Државен завод за статистика

2.2.Структура на население според возраст

Колку би биле сериозни социо-економските последици доколку се случат значајни промени во старосната структура на населението? Намалувањето на работоспособното население[12] би влијаело и на економската продуктивност и исплатите на пензиските примања. Структурата на населението е со постојана тенденција на стареење. Во 1931 година, процентот на млади во вкупното население бил 38,5%, во 1980 година 29,2%, во 2009 година 17,7% додека во 2016 година 16,5%.[13]

Графикон 6: Структура на население по старосни групи во 2016 год.

Извор: Државен завод за статистика

[12] Население на возраст од 15-64 години
[13] Државен завод за статистика, годишни извештаи

2.3. Индикатор на зависност

Индикаторот на зависност се однесува на бројот на население под 15 години и над 65 години во однос на бројот на население на возраст од 15 до 65 години. Падот на индикаторот на зависност на млади лица (како последица на падот на стапката на фертилитет и бројот на младото население) предизвикува намалување и на вкупниот индикатор на зависност.

Во 2006 година индикаторот на зависност изнесува 41,61%, додека во 2016 изнесува 40,42%, што значи дека тој бележи благ опаѓачки тренд. Индикаторот на зависност на стари лица во последните 10 години е зголемен за 2 процентни поени, додека индикаторот на зависност на млади лица е намален за 4% поени. Тоа значи дека притисокот на зголемени исплати на пензии расте, додека бројот на потенцијални идни осигуреници се очекува да се намалува во иднина.

Графикон 7: Индикатор на зависност



Извор: Државен завод за статистика, лични пресметки

2.4. Осигуреници и пензионери

Бавниот раст на стапката на вработеност придонесува до раст на бројот на осигуреници што значи дека бројот на пензионери се очекува адекватно да порасне во иднина релативно поради овој тренд. Во 1947 година само 500[14] пензионирани лица биле приматели на пензија во рамките на југословенскиот пензиски систем. Во 1990, овој број се зголемил за повеќе од 300 пати, или 166,224 во 2000 година, 241,221 во 2010 година и 517,168 во 2017 година. Постојаното зголемување на бројот на пензионери за анализираниот период подразбира зголемено трошење на

[14] Унија на пензионери на Република Македонија

средства од фондот за да се обезбедат редовни пензиски исплати. Поради падот на приходите од придонеси, дефицитот во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување редовно се финансира од буџетски трансфери во се поголем износ.

2.5. Индикатор на поддршка

Индикаторот на поддршка укажува на односот на бројот на вработени лица односно осигуреници споредено со бројот на пензионери. Во случајот на Македонија, овој индикатор е зголемен од 1,7 во 1997 на 1,85 во 2016 година. Во 1991 година овој индикатор изнесувал 3, што значи дека 3 осигуреници подржувале еден пензионер. Денес бројот е намален но има тенденција за повторен пораст. Овој индикатор бележи најниска вредност во 2003 година кога 1,26 осигуреници подржувале 1 пензионер. Овие трендови на индикаторот на подршка се последица на зголемениот број на пензионери во последните 25 години од една страна и бавно креирање на нови вработувања посебно надвор од трудоинтензивните нископлатени работни места од друга страна.

Графикон 8: Индикатор на поддршка

Извор: Извештај за работата на ПИОМ 2015, лични пресметки

За време на транзициониот период т.е. раните 90-ти години пензиските примања растат во нивната апсолутна вредност но и се зголемуваат релативно во однос на платите. Односот на просечната месечна пензија како процент од просечната месечна нето плата е важен индикатор за одржливоста на пензискиот систем. Овој индикатор бележи намалување за 3,2% од 2001 до 2015 година, што е добар знак за пензискиот систем, иако во однос на 2010 година кога тој ја бележи најниската вредност од 47,9% до денес, индикаторот е зголемен за речиси 11 процентни поени. Повисоки вредности на индикаторот значат дека платите од кои се уплаќаат придонесите за пензиско и инвалидско осигурување односно изворните приходи на

фондот се ниски во однос на пензиите. Но од друга страна, во услови кога пензиите не растат со брзина со кои расте и месечната плата, а ако знаеме дека околу 80% од вкупните даноци на централно ниво се собрани од даноци на потрошувачка што влијае на сите граѓани независно од способноста за плаќање (ability-to-pay principle), излегува дека ефектот од јазот на растот на месечни плати и пензии онака како што е поставен во Македонија ја зголемува и нееднаквоста и ранливоста на категоријата пензионер.

Графикон 9: Број на пензионери и осигуреници



Извор: Извештај за работата на ПИОМ 2015

Графикон 10: Индикатор за однос на пензии и плати



Извор: Извештај за работата на ПИОМ 2016

3. *Приходи и трошоци на пензискиот систем*

До 2000 година, македонскиот пензиски систем беше јавно финансиран врз база на принципот за меѓугенерациска солидарност. Финансиските проблеми при исплата на пензии и демографските тенденции придонесоа до потребата за реформирање на овој систем. Трошоците за пензии и бројот на пензионерите континуирано растат, додека одржливоста на средствата на фондот е загрозена поради проблемот со невработеноста, ниските плати и намалување на давачките за ПИОМ во Македонија. Од податоците во извештаите за работата на фондот на ПИОМ може да се види дека во последните 10 години, износот на трошоците за пензии е зголемен за 90,2%, додека останатите трошоци на ПИОМ пораснале за 126,9%. Меѓутоа, процентот на трошоците за пензии изнесува дури 78,6% од вкупните трошоци на ПИОМ, што бележи намалување од 2,82% во последните 10 години. Во секој случај растот на трошоците на фондот кои не се наменети за пензии треба да се ограничи во насока на подобрување на одржливоста на пензискиот фонд.

Графикон 11: Пензии и вкупни трошоци на ПИОМ



Извор: Извештаи за работата на ПИОМ 2016

На приходната страна пак, може да се забележи дека учеството на придонесите од пензиско и инвалидско осигурување се со опаѓачки тренд односно од 61,55% во 2006 година на 54,83% во 2016 година односно намалување за 6,72 процентни поени. Од друга страна, буџетските трансфери во фондот се зголемиле за 14,21%, односно од 28,91% во 2006 на 43,12% во 2016 година. Приходите од придонеси се намалуваат иако бројот на осигуреници расте. Причината за тоа е намалувањето на стапката за придонеси според закон, но уште повеќе фактот дека најголем дел од вработеното население има многу ниски плати.

Графикон 12: Процент на пензии во вкупни трошоци на ПИОМ

Извор: Извештаи за работата на ПИОМ 2016

Иако стапката на вработеност и износот на просечната месечна нето плата растат, сепак може да се каже дека овие податоци не ја даваат вистинската слика за состојбата во која се наоѓаат вработените во Македонија. Македонија е земја со големи доходовни нееднаквости и иако се бележи раст на просекот на платите тој раст главно се должи на растот на примањата на само неколку проценти од најбогатите групи на граѓани, додека најголем дел од населението има ниски плати кои директно влијаат на ниските уплати на придонеси во фондот.

Графикон 13: Приходна структура на ПИОМ



Извор: Извештај за работата на ПИОМ 2016

Како последица на ова трансферите од централниот буџет растат поради зголемената потреба од алиментација на дефицитот во фондот. Дополнително,

треба да се напомене дека и онака ниските приходи од дивиденди и хартии од вредност од 3% во вкупните приходи во 2006 година се намалиле на 0,03% во 2016 година.

4. *Проекција на влијанието на бројот на вработени врз промената на приходите во пензискиот систем*

Како што е утврдено во текстот погоре иако населението во земјата старее, тоа не е на ниво како што е случај во развиените земји или пак во земјите во регионот. Поради тоа стареењето на населението не треба да се идентификува како главен предизвик за одржливоста на нашиот пензиски систем. Напротив, главниот проблем кој е закана за одржливоста на пензискиот систем во Македонија е невработеноста и намалените приходи од придонеси од плати за ПИОМ. Иако невработеноста се намалува и бројот на осигуреници расте, сепак приходите од придонеси бележат намалување.

За да се намали дефицитот предизвикан од разликата меѓу приходите од придонеси и трошоците за пензии кој се повеќе се алиментира на товар на централниот буџет на Македонија треба да се зголеми вработеноста и намали економската нееднаквост. Тоа значи отворање на работни места надвор од трудоинтензивните нископлатени занимања. Но секако овој процес е долготраен и бара долгорочни политики за вложување во образованието и привлекувањето на странски директни инвестиции од индустрии со висока додадена вредност. На среден рок, подобрување на одржливоста на пензискиот систем во Македонија би подразбирало поволен амбиент за креирање на нови работни места т.е. намалување на високата стапка на невработеност.

Графикон 14: Стапка на вработеност

Извор: Државен завод за статистика

За таа цел, во овој труд се анализира ефектот на раст на вработеноста односно раст на бројот на осигурениците врз тековниот дефицит (другите услови остануваат исти) во следните две сценарија за периодот од 2017 до 2022 година врз база на последните достапни податоци за 2016 година:

1. Сценарио 1 – раст на бројот на вработени за 6,2% годишно во следните шест години (двапати повеќе од сегашниот раст на вработеноста);
2. Сценарио 2 – раст на бројот на вработени со досегашната стапка на раст на вработеноста за 3,1% годишно (просечен раст во последните пет години).

Во првото сценарио, се предвидува раст на бројот на вработени/осигуреници за 6,2% годишно што е двапати повеќе од досегашниот раст на вработеноста. Анализата покажува дека со зголемување на бројот на вработени/осигуреници се зголемува износот на изворните приходи на фондот т.е. придонесите. На тој начин средствата кој се одделуваат од буџетот на Македонија за покривање на тековниот дефицит на фондот се намалуваат се повеќе, за да во 2022 година повеќе не се потребни за финансирање на тековниот дефицит поради зголемување на нивото на одржливост на пензискиот фонд.

Во второто сценарио, се предвидува раст од 3,1% кој е и просечен раст на бројот на вработени/осигуреници во последните 5 години. На овој начин, тековниот дефицит ќе се преполови во наредните шест години, не земајќи го во предвид растот на просечните плати, но доколку нема раст на бројот на пензионерите и трошоците на фондот. Може да се каже дека при овие услови може да се очекува подобрување на одржливоста на фондот за пензиско и инвалидско осигурување на среден рок (следните шест години).

Треба да се напомене дека при двете сценарија, се менува само бројот на осигуреници поради раст на вработеноста, а сите други услови остануваат исти. На пример, не се земаат во предвид промените на платите за кои се потреби долгорочни реформи поврзани пред се со образованието, привлекувањето на странски директни инвестиции од индустрии со висока додадена вредност и политики за развој на приватниот сектор и инвестициите. Дополнително, според проекциите вкупните трошоци и бројот на пензионерите остануваат исти. Важно е да се напомене дека овие проекции подразбираат и замрзнување на стапката на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување на 18%, односно нејзиното предвидено намалување на 17,6% од јули 2018 година треба да се избегне како мерка за зголемување на одржливоста на пензискиот систем.

Графикон 15: Проекција на тековен дефицит



Извор: Државен завод за статистика, Извештај за работењето на ПИОМ 2016, лични пресметки

5. *Проекција на влијанието на зголемени плати и на зголемен придонес од 18% на 20% врз промената на приходите во пензискиот систем*

За очекување е притисокот на фондот за ПИОМ ќе се намалува постапно после 2020, па и до 2023 година. Претпоставката што ја воведуваме е дека во моментот на реформите од 2006 година, просечната возраст на пензиските осигуреници била околу 44 години кои во просек имале по 15 години работен (пензиски) стаж. Помала возраст е неприфатлива, односно би била неоправдана од аспект на воведувањето на вториот капитално финансиран пензиски столб. Значи, од 2017 година минималниот работен стаж на пензиските обврзници е околу 26 години, и минималната возраст е околу 56 години. До пензионирање на последниот осигуреник би биле потребни 8 години или сите би се пензионирале до 2025 година. Меѓутоа претпоставката за одржливост и просечната старост на пензионерите би требало да изнесува околу 69 години. Стапката на морталитет која ќе се употреби ќе одговара на морталитетните таблици по возрасни групи на населението со интервали од 60-69; 70-79; 80-89 и 90+. Анализата со симулациите се прави до 2035 година до кога се очекува целиот контингент на пензиски осигуреници во Првиот столб да станат корисници на пензија и за периодот што следи ќе мора да се најдат и применат решенија кои ќе го направат пензискиот систем одржлив.

Треба да имаме предвид и дека во пензија се оди на 64 (62) или ќе се оди на 67 годишна возраст, а просечното траење на животот е 75 години (мажите околу 72, а

жените 76 години). Тоа значи дека во просек секој пензионер ќе ја користи својата (старосна) пензија околу 11-12 години. Сепак, за да се направи што е можно попрецизна анализа се потребни податоци за стапката на морталитет според старосни групи. Тие податоци се достапни и се користени во наредните симулации.

Од друга страна, со оглед на вработувањата во ТИРЗ мора да се предвиди и одлив од буџетот кој одговара на уплатите во вториот столб на пензиско капитално осигурување. Недостасуваат точни податоци за бројот на вработените во ТИРЗ и висината на платите, како и поединечни аранжмани со владините агенции па затоа овие ефекти овде не ги анализираме, туку се направени сопствени претпоставки, кои се внесени во симулациите. Основниот мотив за тоа е дека со мерките за поттикнување на вработувањата во ТИРЗ се склучувани договори во кои се предвидува времено ослободување од обврската за плаќање на придонесите за пензиско осигурување. Таа обврска ја презема врз себе буџетот на Република Македонија.

Треба да се напомене дека растот на бруто платите не се пресметани како генератор на финалната потрошувачка, за што би требало да се развие покомплексен модел заснован на мултипликативниот ефект.

Следните две симулации почиваат на следните претпоставки:

Првата е, дека во моментот на воведување на вториот столб, вработените кои уплатуваат придонеси во задолжителниот пензиски фонд имаат најмалку половина од пензискиот стаж потребен за да одат во пензија (15 години). Во тоа време им биле потребни 20 години за да заминат во пензија (имале просечно по 44 години). Логиката е дека доколку имаат покус пензиски стаж би биле кандидати за вториот пензиски столб.

Второ, денес во 2017 година, десетина години после пресечниот датум голем дел од тие пензионери веќе го остариле правото да заминат во пензија, а да се потроши последниот контингент на пензионери се потребни уште 8-10 години. Денешната старосна структура на пензиските осигуреници укажува дека во наредните неколку години ќе расте бројот пензионери со досегашната просечна динамика од 5,500 до 6,500 пензионери годишно. Потоа приливот на нови пензионери нагло ќе започне да опаѓа.

Трето, просечниот животен век во Македонија изнесува околу 75 години. Тоа значи дека ќе се продолжи периодот на исплата на пензиите за 10-15%.

Четврто, просечното прилагодување на пензиите се очекува да продолжи да расте со годишна стапка од 3% (како и досега, а не 5% колку што се декларира). Се разбира дека доколку корекција на пензиите се прави со трошоците за живот, целата пресметка треба да претрпи значителни промени, особено на долг рок.

Петто, просечната плата на која се исплатува пензискиот придонес останува да расте со стапка иста како што растат платите и во досегашниот неколкугодишен период.

Шесто, соодносот на плати пензии се менува од година во година. Со симулацијата се прави обид соодносот да остане стабилен на ниво од 59-61%. Значи, во оваа анализа ќе се направи обид да се симулира финансиската состојба на пензискиот фонд во наредните години, а посебно се елаборира периодот до 2025 година.

5.1.Нулта опција: Што се случува доколку се остане како што било и досега

Продолжувањето на истите трендови укажува дека доколку остане непроменет пензискиот стаж, до 2023 година треба издвојувањето за пензискиот фонд да порасне од сегашните 10.2% на 14.1% од буџетот, учеството на вкупните пензии во БДП би се намалило од сегашните 9.8% на 7.1%, а учеството на буџетската партиципација во БДП би изнесувала 5.3%. Сликата нема битно да се промени ниту доколку се продолжи пензискиот стаж. Во 2025 година учеството на буџетската партиципација би изнесувала околу 2.3% од БДП, а вкупните исплатени пензии би претставувале 7.7% од БДП. Сепак, околу 6.6% (од сегашни 13.8%) од буџетот би се насочувале за алиментирање на пензискиот фонд.

Графикон 16: Нулта опција



Извор: Пресметки на авторот

5.2. Проекција на влијанието на зголемени плати врз промената на приходите во пензискиот систем

Доколку се примени динамичка симулација при која бруто платите и БДП би растеле со стапки кои одговараат на мала и сиромашна економија како нашата (стапки од 5-6% годишно) тогаш состојбата битно се менува. Имено, и при непроменет пензиски стаж со пораст на бруто платите во 2017 за 5%, а потоа до 2023 за 7-8% годишно како и БДП во 2016 за 4%, во 2017 за 5%, а во 2018 и понатаму за 6%, а буџетот да расте со стапки од 3% годишно, издвојувањето од буџетот ќе се намали на 6.0%, а учеството на вкупните пензиски исплати во БДП ќе изнесува околу 7.2%, и буџетската партиципација за пензии би изнесувале околу 1.7%.

5.3. Проекција на влијанието на зголемен придонес од 18% на 20% врз промената на приходите во пензискиот систем

Оваа симулација на претходната динамичка симулација им додава и зголемени придонеси за пензиско осигурување од денешните 18% од бруто платите на 20%. Тогаш буџетската партиципација за пензискиот фонд би изнесувала во 2025 година би претставувала 4.2% од буџетот, би учествувала во БДП со 1.4%, а вкупните пензиски исплати би сочинувале 7.2% од БДП.

Графикон 18: Проекција на зголемен придонес од 18% на 20%



Извор: Пресметки на авторот

5.4.Резултати од симулациите

На следната табела се дадени нето ефектите од повеќе разгледувани сценарија на пензиски политики.

Табела 2: Симулации на нето ефектот од различни сценарија

Ранг	Пензиска политика	Нето ефект од 2018 евра
1.	67 + раст + придонес	3,800,000,000
2.	64 + раст + придонес	3,700,000,000
3.	64 + раст	1,850,000,000
4.	67 + раст	1,800,000,000
5.	61 + раст	570,000,000
6.	67 + придонес	241,000,000
7.	64 + придонеси	-90,000,000
8.	61 + придонеси	-890,000,000
9.	67	-1,220,000,000
10.	64 без промени	-1,445,000,000
11.	61	-2,400,000,000

Извор: Пресметки на авторот

Секоја од симулациите покажува одржливост на Пензискиот фонд на долг рок (2030 година). Односно, пензискиот фонд после 2025-6 година започнува да создава вишоци. Тие се повисоки или пониски во зависност од политиката која ќе се избере. Најпозитивно се симулациите кои претпоставуваат раст на БДП од 5% просечно годишно, што укажува на потребата да се изнајдат механизми растот да се забрза.

Посебно важно прашање е да се пристапи уште веднаш кон реформирање на Пензискиот фонд, односно да се утврди во која насока тој ќе се трансформира во моментот кога ќе започне да создава вишоци. Според симулациите доколку ништо не се промени пензискиот фонд во 2030 година веќе ќе создава вишок од минимални 130 милиони евра, но доколку настапи релативно повисок раст, вишокот може да надминува и 1,5 милијарди евра кумулативно за периодот. Останува оние кои ги носат политиките да одлучат за тоа дали уште од сега да се зголемува трансферот во Вториот столб на пензиското осигурување, или да се приватизира фондот од првиот столб или да се престрои во инвестиционен фонд за поддршка на растот, иновациите и создавањето на нови работни места.

Користена литература

[1] Apostolovska. Z. (2007) Preparing the financial market for an ageing population – the case of Macedonia.
[2] Буџет на Република Македонија (2017)
[3] Center for Economic Analysis, (2011) "Report on the publicly funded pension scheme in Macedonia"
[4] Годишни извештаи за работењето на ПИОМ, (2004-2016)
[5] Државен завод за ревизија, Макстат база
[6] Државен завод за ревизија (2017), Природни движења на населението
[7] Државен завод за ревизија, Годишни извештаи (1997-2017)
[8] OECD, Global pension system statistics
[9] Salomaki, A. (2006) Public pension expenditure in the EPC and the European Commission projections: an analysis of the projection results, European Commission, Directorate- General for Economic and Financial Affairs
[10] Simon Maurano (2006) Welfare in the Mediterranean Countries, R. Macedonia, C.A.I.MED
[11] UN population projections (2006)
[12] Унија на пензионери на Република Македонија
[13] World Economic Outlook, IMF
[14] World Bank Open Data, https://data.worldbank.org/
[15] Закон за пензиско и инвалидско осигурување (1993, 2003, 2008, 2009, 2016) Службен весник на Република Македонија
[16] www.mtsp.gov.mk
[17] www.mapas.mk